Елена Вајт

ЖИВОТ НА СЕЛО

П Р Е Д Г О В О Р

Брошурата „Живот на село“ за прв пат беше објавена во 1946.година. Нејзините совети и предупредувања ги предизвикаа многуте адвентисти внимателно да го испитаат влијанието на градскиот живот врз нивниот живот и повторно да направат проценка каде сакаат да живеат. Таа укажува на опасностите од поврзаноста со синдикатите и другите извори на партиски судири во градовите. Истовремено, таа им помогна на оние кои имаат товар за евангелизација на градовите да размислат како е најдобро да се биде во светот, но не и во светот.

Како што се приближува крајот на времето, овие упатства стануваат порелевантни од кога и да било порано. Новата генерација на верници ќе ги пронајде овие совети кои им отвораат хоризонти какви не предвиделе.

Списите на Елена Г. Вајт постојано ги потенцираат предностите од животот на село. Како што се движиме кон последните настани, адвентистите на седмиот ден се потсетуваат на упатството на Господ за напуштање на градовите, со нивниот метеж, корупција и судири. Градовите не обезбедуваат здрава околина за христијанските семејства.

Илјадници адвентисти со години биле упатувани во поглед на изборот на околината за своите домови и односот со световните организации, со советите за овие животно важни теми преку сведоштвата кои се ширум објавени. Бидејќи застрашувачките знаци на претстојната криза укажуваат на подмолните опасности и жестината на судирите кои ни претстојат, се чини дека е погодно повторно да се издадат овие совети во таков облик, кој ќе го привлече вниманието на секој верник во црквата. Сериозниот повик изнесен во оваа брошура бара одлучно дејствување, но и сериозно предупредува против непромислените потези. Сакаме да ви обрнеме особено внимание на предупредувањата кои се наоѓаат во седмиот отсек, „Водени од Божјите провиденија“, кои се наоѓаат од 24. до 28. оригинална страна. Оваа брошура се наоѓа во полето како одговор на утврденото уверување на водството на Црквата дека е дојдено времето повторно да се повтори повикот, „Напуштете ги градовите“.

Застапници за публикациите на Елена Г. Вајт

Содржина

1. Повик за напуштање на градовите..... 5
2. Избегнувајте конфликти поврзани со работата..... 13
3. Повик до родителите..... 17
4. Занимања во селските реони..... 25
5. Подготовка за кризата предизвикана со Неделниот закон.....28
6. Населување во институционалните центри..... 31
7. Водени од Божјите провиденија..... 35
8. Нашите центри треба да бидат далеку од населените области.....41
9. Итно бегање во завршниот судир..... 47

1. Повик
за напуштање на градовите

Опасностите на градовите

Малкумина ја сфаќаат важноста на избегнување, колку што е можно, на сите друштва кои се непријателски настроени кон религиозниот живот. При изборот на околината, малкумина го стават своето духовно добро на прво место. *(ЖС 5.1)*

Родителите доаѓаат со своите деца во градовите, затоа што сакаат полесно да добијат егзистенција таму отколку надвор од населените места. Децата, кои немаат што да прават кога не се на училиште, добиваат улично воспитување. Тие примаат порочни и расипнички навики од своите изопачени другари. Родителите го гледаат сето ова, но бидејќи за да го спречат тоа треба да поднесат жртви, остануваат таму каде што се, сè додека сатаната не здобие целосна контрола на нивните деца. *(ЖС 5.2)*

Подобро е да се жртвува секое земно добро, отколку да се доведат во опасност драгоцените души што се доверени на ваша грижа. Тие ќе бидат изложени на искушенија и треба да бидат поучени да се соочат со нив, но ваша должност е да го прекинете секое влијание, да ја искорените секоја навика, да ја прекинете секоја врска која ве спречува вие и членовите на вашите семејства од сè срце да се посветат на Бога. *(ЖС 5.3)*

Наместо пренаселени градови, побарајте некое поповлечено место во кое вашите деца ќе бидат, колку што е можно, заштитени од искушенија, и тука обучете ги и поучете ги да бидат корисни. Пророкот Езекиел вака ги набројува причините кои довеле до уништување на Содом: „Во гордост, во презаситеност, во празнина, и раката нејзина не помагаше сироти и бедни» (Езекиел 16:49). Сите што сакаат да ја избегнат судбината на Содом, мора да го избегнат патот кој ги навлекол Божјите казни врз тој безбожен град. (5. Сведоштво, 232,233) *(ЖС 5.4)*

Животот во градовите не е Божји план

Градовите во целиот свет стануваат легла на порокот. На секој чекор ќе ве пресретнат слики и звуци на злото. Насекаде има привлечност кон телесните уживања или сензуалноста. Плимата на корупција и криминал е во постојан раст. Секој ден носи нови извештаи за насилство, грабежи, убиства, самоубиства и злосторства.
(ЖС 5.5)

Животот во градовите е лажен и извештачен. Силната страст за печалење пари, вителот на трката по задоволства и уживања, жедта за самодокажување, луксуз и екстравагантност – сето тоа се сили што го одвраќаат умот на мноштвото од вистинската цел на животот. Тие ја отвораат вратата за илјадници зла, а врз младите имаат речиси неодолива моќ. *(ЖС 6.1)*

Едно од најсуптилните и најопасни искушенија што ги демнат децата и младите во градовите е љубовта кон задоволството. Во градовите има безбројни прослави; игри и трки со коњи кои привлекуваат илјадници, а вителот на возбуда и задоволство ги одвлекуваат младите од трезвените животни должности. Парите што требале да бидат заштедени за нешто подобро, се фрлени на забава. *(ЖС 6.2)*

Животот во градовите станува уште потежок заради работата на синдикатите и како резултат на работничките здружувања и штрајкови. Пред нас се сериозни проблеми; и за многу семејства ќе биде неопходно да излезат од градовите. *(ЖС 6.3)*

Физичката околина во градовите честопати е опасна за здравјето. Постојаната изложеност на болести, загаден воздух, нечиста вода и храна, пренатрупаните, темни и нездрави живеалишта, се едни од многуте зла што ќе ги сретнете во нив. *(ЖС 6.4)*

Не била Божја намера луѓето да се збиваат во градови, туркајќи се по балкони и станови. Во почетокот, Тој ги поставил нашите прародители среде прекрасните глетки и звуци, во кои сака и ние денес да уживаме. Колку повеќе доаѓаме во хармонија со Божјиот првобитен план, толку поповолна ќе биде нашата позиција да обезбедиме телесно, ментално и духовно здравје. (Здравје и среќа, 364,365) *(ЖС 6.5)*

Дух на колебање

По два часот наутро, повеќе не можев да спијам. Во текот на ноќта се најдов себеси во улога на советник. Се залагав кај некои семејства да ги користат средствата кои Бог ги одредил и да излезат од градовите за да ги спасат своите деца. Некои се двоумеа, не вложувајќи одлучни напори. *(ЖС 6.6)*

Ангелите на милоста го побрзувале Лота, неговата сопруга и ќерките, земајќи ги за раце. Кога Лот би брзал како што Бог сакал да го стори тоа, неговата сопруга немаше да стане солен столб. Лот се колебал. Да не бидеме и ние како него. Истиот глас кој го предупредил Лота да го напушти Содом, ни налага и нам: „Затоа излезете од нивната средина и одделете се... и не допирајте се до нечисто“ (2. Коринтјаните 6:17). Оние кои ќе го послушаат ова предупредување, ќе најдат засолниште. Нека секој човек биде целосно буден и нека настојува да го спаси своето семејство. Нека се подготви за работа. Бог постепено ќе му открива што треба следно да направи. *(ЖС 6.7)*

Чујте го Божјиот глас преку апостол Павле: „Со страв и трепет градете го своето спасение, зашто Бог е Оној Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 2:12,13). Лот слегувал по долината со неволен и лесен чекор. Тој толку долго се дружел со оние кои чинеле зло, така што не можел да ја согледа опасноста која му се заканувала, сè додека неговата жена не останала во рамнината засекогаш да стои како солен столб. (Review and Herald, December 11, 1900) *(ЖС 7.1)*

Градовите ќе бидат соочени со Божјите судови

Се ближи времето кога на големите градови ќе дојде Божјиот суд. Уште малку, овие градови ќе бидат ужасно потресени. Без оглед колку се големи и цврсти нивните градби, без разлика колку заштитни мерки против пожар се преземени во нив, ако Бог

Ги допре овие градби, тие за неколку минути или за неколку часа ќе бидат во рушевини. *(ЖС 7.2)*

Метлата на уништување ќе ги очисти безбожните градови на нашиот свет. Во несреќите кои се случуваат денес во големите градби и големите делови на градот, Бог ни покажува што ќе се случи на целата Земја. (7. Сведоштво, 82,83) *(ЖС 7.3)*

Резултати од занемарување на предупредувањата

Ми беше наредено да ја објавам веста дека градовите полни со злосторства и до крајност грешни, ќе бидат уништени од земјотреси, пожари и поплави. Целиот свет ќе биде предупреден дека постои Бог кој ќе го покаже својот авторитет како Бог. Неговите невидливи сили ќе предизвикаат уништување, опустошување и смрт. Сите насобрани богатства ќе станат ништожни... *(ЖС 7.4)*

Ќе дојдат несреќи – најстрашни катастрофи и најмалку очекувани; овие пустошења ќе се нижат едно по друго. Ако опомените кои Бог ги дал бидат послушани, и ако црквите се покајат и се вратат кон својата верност, тогаш другите градови ќе можат да бидат поштедени уште некое време. Но, ако луѓето кои биле заведени, продолжат да одат по патот по кој оделе, непочитувајќи го Божјиот закон и изнесувајќи им заблуди на другите, Бог, за да се разбудат, ќе дозволи на нив да дојдат неволји. *(ЖС 7.5)*

Господ нема одеднаш да ги отфрли сите престапници, ниту ќе уништи цели народи; но Тој ќе ги казни градовите и местата во кои луѓето се предавале во власта на сатанските орудија. Господ строго ќе постапува со големите градови; сепак, на нив нема да дојде силината на Божјиот гнев, бидејќи некои души сепак ќе се оттргнат од стапицата на непријателските измами и ќе се покајат и преобратат, додека останатите ќе го натрупуваат гневот за денот на судот. (Евангелизам, 27) *(ЖС 8.1)*

Божјите судови доаѓаат

Постојат причини зошто не треба да градиме во градовите. На овие градови наскоро ќе се истурат Божјите судови. (Letter 158, 1902) *(ЖС 8.2)*

Близу е времето кога големите градови ќе бидат срамнети со земја; затоа сите тие треба да бидат предупредени за судовите што ќе дојдат. (Евангелизам, 29) *(ЖС 8.3)*

О, кога Божјиот народ би бил свесен за претстојното уништување на илјадници градови, кои сега речиси целосно се предадени на идолопоклонството. (Review and Herald, September 10, 1903) *(ЖС 8.4)*

Сцена на големо уништување

Минатиот петок наутро, пред да се разбудам, ми беше покажана мошне впечатлива сцена. Беше како да се будам од сон, но не во својот дом. Од прозорецот гледав застрашувачки пожар. Големи огнени топки паѓаа врз куќите, а од овие огнени топки огнени стрели летаа во сите насоки. Беше невозможно да се запрат пожарите што

избувнаа. Цели населби беа уништени. Луѓето ги обземаше неопислив страв. (Евангелизам, 29) *(ЖС 8.5)*

Божјиот напор
да ги пробуди луѓето

Додека бев во Лома Линда, Калифорнија, на 16. април 1906. година ми беше прикажана една величествена сцена. Во ноќно видение стоев на една височинка од која можев да видам како куќите се тресат како трска на ветрот. Зградите, големи и мали, паѓаа на земја. Јавните згради наменети за забава и уживање, театрите, хотелите и куќите на богатите се тресеа и распаѓаа на сите страни. Мнозина го изгубија животот, а воздухот беше исполнет со крици на повредените и преплашените. *(ЖС 8.6)*

Божјите ангели кои имаа задача да уништуваат, делуваа. Само еден допир, и градбите, чија изградба беше толку внимателно планирана, така што луѓето ги сметаа за безбедни од секаква опасност, за момент се претвораа во куп урнатини. Никаде немаш сигурност. Јас не се чувствував загрозена на ниеден начин, но не можам да најдам зборови за да ги опишам ужасите на сцените кои се одигруваа пред моите очи. Се чинеше дека Божјото трпение е исцрпено и дека дошол Судниот ден. *(ЖС 9.1)*

Тогаш, ангелот кој стоеше покрај мене ми објасни дека малкумина сфаќаат колку денешниот свет станал безбожен и расипан, а особено жителите на големите градови. Тој рече дека Господ одредил време кога Тој со гнев ќе ги посети престапниците кои се упорни во непочитувањето на Неговиот закон. *(ЖС 9.2)*

Колку и да беше страшна сцената која ми беше прикажана, најсилен впечаток врз мене остави поуката која ја добив во врска со тоа. Ангелот, кој стоеше покрај мене, рече дека над оние кои упорно одбиваат да му се покорат на Царот над царевите, мора да се открие надмоќта на Божјата врховна власт и силата и светоста на Неговиот закон. Оние што ќе изберат да останат неверни, Бог во Својата милост ќе ги посети со казни, за да се разбудат, ако е тоа можно, и да ја увидат грешноста на нивниот пат. (9. Сведоштво, 92,93) *(ЖС 9.3)*

Опасност за оние кои остануваат
без потреба

Во согласност со светлината што ми беше дадена, ги повикувам луѓето да ги напуштат големите центри на станување. Нашите градови сè повеќе стануваат грешни и станува сè поочигледно дека оние кои немаат потреба да останат во нив, правејќи го тоа, го доведуваат во опасност спасението на своите души. (Manuscript 115, 1907) *(ЖС 9.4)*

2. Избегнувајте
конфликти поврзани со работата

Повлечете се на слобода во селските средини

Бргу доаѓа времето кога владејачките сили на синдикатите ќе станат угнетувачки. Одново и одново Господ дава упатства дека нашиот народ треба да ги изведе своите семејства од градовите во селски средини, каде можат да произведуваат свои производи; бидејќи во иднина проблемот со купување и продажба ќе стане многу сериозен. Ние сега треба да почнеме да обрнуваме внимание на упатствата кои постојано ни се давани. Излезете од градовите во селските средини, каде што куќите не се наредени блиску едни до други, и во кои нема да имате пречки од непријателот... (Letter 5, 1904) *(ЖС 9.5)*

Избегнувајте партиски конфликти

Луѓето се здружуваат против Господа над војските. Нивната завера ќе продолжи сè додека Христос не го напушти своето место на посредување пред престолот на милоста и ќе ги облече облеките на одмазда. Сатанските агенти се наоѓаат во секој град, вредно организирајќи ги во групи оние што се противат на Божјиот закон. Ним им се приклучуваат таканаречените верници, но и отворените неверници. Ова не е време Божјиот народ да биде слаб. Ниту за еден момент не смееме да попуштиме во својата будност. (8. Сведоштво, 42) *(ЖС 10.1)*

Пред нас се неволји во врска со работата

Работничките синдикати ќе бидат меѓу силите кои на земјата ќе донесат време на неволја какво што немало откако настанал светот.... (Letter 200, 1903) *(ЖС 10.2)*

Конфликти помеѓу трговските здруженија и синдикатите

Работата на Божјиот народ е да се подготви за идните настани кои наскоро ќе дојдат врз нив со заслепувачка сила. Во светот ќе бидат формирани гигантски монополи. Луѓето ќе се поврзат со синдикатите кои ќе ги обвиткаат во прегратките на непријателот.

Неколку луѓе ќе се здружат да ги приграбат сите средства што можат да се добијат во одредени подрачја на делување. Ќе се формираат работнички синдикати и оние што ќе одбијат да им се придружат ќе бидат обележани. (Letter 26, 1903) *(ЖС 10.3)*

Подготовка за неволјите

Синдикатите и светските здруженија се замка. Држете се подалеку од нив, браќа и сестри. Немојте да имате ништо со нив. Поради овие синдикати и здруженија, наскоро на нашите институции ќе им биде многу тешко да ја продолжат својата работа во градовите. Моето предупредување гласи: Излезете од градовите. Не градете санаториуми во градовите. Едуцирајте го нашиот народ да ги напушти градовите и да оди во средини во кои може да добие мало парче земја и тука да изгради дом за себе и за своите деца... *(ЖС 10.4)*

Нашите ресторани треба да бидат во градовите; бидејќи во спротивен случај работниците во овие ресторани не можат да допрат до луѓето и да ги поучат на принципите на правилно живеење. Засега, во градовите треба да изнајмиме сали за состаноци. Но, во градовите ќе настанат такви судири и конфузии, така што оние кои ќе сакаат да ги напуштат, нема да можат. Ние треба да се подготвиме за овие неволји. Ова е светлината што ја добив. (The General Conference Bulletin, April 6, 1903) *(ЖС 11.1)*

Да ја зачуваме нашата индивидуалност

Со години ми е давана посебна светлина дека не треба да ја насочиме нашата работа во градовите. Превирањата и конфузијата во овие градови, условите што ги создале синдикатите и штрајковите, во голема мера ќе ја попречуваат нашата работа. Луѓето се трудат работниците кои се вработени во разни занаети да ги вовлечат во оковите на синдикатот. Ова не е Божји план, туку план на силата која во никој случај не треба да ја признаеме. Се исполнува Божјата Реч; безбожниците се поврзуваат во снопови за да бидат запалени. *(ЖС 11.2)*

Сега треба да ги употребиме сите способности кои ни се дадени за да му ја објавиме на светот последната вест на опомена. Во тоа дело мораме да ја сочуваме својата индивидуалност. Не смееме да се обединуваме со тајните друштва или со синдикатите. Треба да останеме слободни во Бога, очекувајќи постојано налози од Христа. Сите наши постапки треба да бидат направени со сфаќање за важноста на делото кое треба да се изврши за Бога. (7. Сведоштво, 84) *(ЖС 11.3)*

Непочитување на Декалогот – десетте заповеди

Овие синдикати се еден од знаците на последните денови. Луѓето се врзуваат во снопови подготвени да бидат запалени. Тие можат да бидат членови на црквата, но сè додека припаѓаат на овие синдикати, тие не можат да ги држат Божјите заповеди;

бидејќи припаѓањето на овие синдикати значи непочитување на целиот Декалог. *(ЖС 11.4)*

„Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си!“ (Лука 10:27). Овие зборови ја сумираат целата должност на човекот. Тие значат посветување на целото битие, телото, душата и духот во служба на Бога. Како можат луѓето да ги почитуваат овие зборови а во исто време се залагаат за поддршка на она што ги лишува нивните соседи од слободата на дејствување? И како можат луѓето да ги следат овие зборови и да создаваат комбинации кои ги лишуваат посиромашните класи од нивните предности кои им припаѓаат, спречувајќи ги да купуваат или продаваат, освен под одредени услови? (Letter 26, 1903) *(ЖС 11.5)*

Синдикатите што се формираат или ќе бидат формирани

Оние кои тврдат дека се Божји деца во никој случај не треба да се поврзуваат со синдикатите кои се формирани или ќе бидат формирани. Господ го забранува ова. Зар оние кои ги проучуваат пророштвата не можат да видат и разберат што ни претстои? (Letter 201, 1902) *(ЖС 12.1)*

3. Повик
до родителите

Чувајте ги децата од леглото на гревот

Никогаш не дозволувајте некои привремени предности да ги натераат родителите да го занемаруваат воспитувањето на своите деца. Секогаш кога е можно, обврска на родителите е да направат дом за своите деца на село. Децата и младите треба внимателно да се чуваат. Тие треба да се држат подалеку од леглата на гревот кои можат да се најдат во нашите градови. Нека бидат опкружени со влијанијата на вистинскиот христијански дом – дом во кој престојува Христос. (Letter 268, 1906) *(ЖС 12.2)*

Пред да се излеат неволјите

Пред чашата преполна со казни да се излее на жителите на Земјата, Господ ги повикува сите оние што се навистина Израелци да се подготват за тој настан. Тој им упатува опомена на родителите: Соберете ги своите деца во своите домови; одвојте ги од оние кои не ги почитуваат Божјите заповеди, кои прават зло и другите ги учат на тоа.

Излезете што побргу од големите градови. Основајте црковни училишта. Дајте им ја на вашите деца Божјата Реч како темел на целото нивно образование. (6. Сведоштво, 195) *(ЖС 12.3)*

Наложено ми е од Господ да го предупредам нашиот народ да не се собира во градовите за да најдат домови за своите семејства. Добив упатство да им кажам на татковците и мајките: Немојте да престанувате да ги задржувате вашите деца во вашите домови. (Manuscript 81, 1900) *(ЖС 12.4)*

Детските души наспроти леснотијата и удобноста

Не им дозволувајте на децата да се излагаат на искушенијата во градовите кои се зрели за уништување. Господ ни даде предупредување и совети да излеземе од градовите. Тогаш, да не инвестираме повеќе во градовите. Татковци и мајки, како гледате на душите на вашите деца? Дали ги подготвувате членовите на вашите семејства за премин во небесните дворови? Дали ги подготвувате да станат членови на царското семејство? Деца на небесниот Цар? „Зашто, каква полза е за човек ако го придобие целиот свет, а на душата своја и напакости?“ (Матеј 16:26). Како ќе ја споредите леснотијата, раскошот, удобноста со вредноста на душите на вашите деца? (Manuscript 76, 1905) *(ЖС 12.5)*

Христијанските особини подобро се стекнуваат на тивки места

Не постои едно семејство меѓу стотици кои ќе напредуваат физички, ментално или духовно со тоа што ќе живеат во градот. Верата, надежта, љубовта, среќата многу подобро можат да се стекнат во повлечени, мирни места, каде има полиња, ридови и дрвја. Одвојте ги вашите деца подалеку од градските сцени и звуци, подалеку од тресокот и бучавата на трамвајот и колите, и нивниот умови ќе станат многу поздрави. Полесно ќе ви биде на нивните срца да им ја објасните вистината на Божјата Реч. (Manuscript 76, 1905) *(ЖС 13.1)*

Испратете ги децата во училиштата кои се лоцирани во градот, каде што секаков облик на искушение чека да ги привлече и обесхрабри, па работата на изградба на карактерот ќе биде десеткратно потешка и за родителите и за децата. (Fundamentals of Christian Education, 326) *(ЖС 13.2)*

Прибежиште во селските средини

Нека родителите разберат дека обуката на нивните деца е важна работа во спасувањето на душите. Во селските подрачја можно е да се спроведат обилни корисни вежби при извршување на оние работи што треба да се направат, и кои ќе донесат физичко здравје преку развојот на нервите и мускулите. Излезете од градовите е мојата порака за воспитување на нашите деца. *(ЖС 13.3)*

Бог на нашите прародители им дал средства за вистинско воспитување, кога им дал упатства да ја обработуваат почвата и да се грижат за својот дом во градината. Откако гревот дошол поради непослушноста кон Божјите барања, работата на обработувањето на почвата многукратно се зголемила, бидејќи земјата, поради проклетството, раѓала плевел и трње. Меѓутоа, работата не била дадена поради гревот. Големиот Учител лично ја благословил работата околу обработката на почвата. *(ЖС 13.4)*

„Како... во деновите на Ное“

Целта на сатаната е да ги привлече мажите и жените во градовите, и за да ја постигне својата цел, тој измислува секаква новина и забава, секаков вид на возбуда. Денешните градови на земјата стануваат исти како градовите пред Потопот. *(ЖС 14.1)*

Ние треба да носиме постојан товар, бидејќи го гледаме исполнувањето на Христовите зборови: „Но, како што беше во деновите на Ное, така ќе биде и при доаѓањето на Синот Човечки“ (Матеј 24:37). Во деновите пред Потопот, биле измислени секакви видови на забава за да ги препуштат мажите и жените на неприкладно однесување и грев. Денес, во 1908. година, сатаната интензивно работи на тоа да преовладуваат истите услови на злото. Земјата станува расипана. Верската слобода нема да биде почитувана од таканаречените христијаните, затоа што многумина немаат разбирање за духовните работи. *(ЖС 14.2)*

Невозможно е да не видиме дека наскоро ќе дојде крајот на светот. Сатаната работи на умовите на мажите и жените, и мнозина изгледаат исполнети со желба за забава и возбуда. Како што беше во деновите на Ное, секој вид на зло е во пораст. Разводот на бракот и влегувањето во брак претставуваат јавен поредок во ова време. Во времето како што е ова, луѓето што се обидуваат да ги држат Божјите заповеди треба да бараат мирни места далеку од градовите... *(ЖС 14.3)*

Не сметајте го тоа за лишување

Кој ќе биде предупреден? Повторно велиме, надвор од градовите. Немојте тоа да го сметате за големо лишување, што морате да одите во ридовите и планините, туку барајте за тоа заминување место на кое ќе можете да бидете насамо со Бога, да научите која е Неговата волја и пат... *(ЖС 14.4)*

Го повикувам нашиот народ копнежот по духовност да го направат за свое животно дело. Христос е пред вратата. Затоа му велам на нашиот народ: Не сметајте дека е лудост кога ќе бидете повикани да ги напуштите градовите и да се преселите во провинцијални места. Тука ги чекаат големи благослови оние кои сакаат да ги приграбат. Гледајќи ги сцените на природата, делата на Создателот, проучување на Божјите ракотворби, неосетно ќе се промените во истиот лик. (Manuscript 85, 1908) *(ЖС 14.5)*

Обезбедете ги најдобрите животни успеси

Скапите живеалишта, дотераниот мебел, надворешниот изглед, луксузот и удобноста, не е она што е потребно за среќен, корисен живот. Исус дошол на оваа Земја за да го заврши најголемото дело што некогаш било извршено меѓу луѓето. Тој дошол како Божји амбасадор да ни покаже како да живееме за да постигнеме најдобри резултати во животот. Какви услови избрал Вечниот Отец за Својот Син? Осамен дом меѓу ритчињата на Галилеја; домаќинство што се издржува со чесна работа; едноставен живот; секојдневна борба со тешкотии и проблеми; самооткажување, штедливост и трпелива, несебична служба; часови на поука во мајчиниот скут со отворен свиток од Писмата; тишина на зората или самракот во зелената долина – светите проповедници на природата; проучување на создавањето и провидението и заедница на душата со Бога – тоа била состојбата и можностите на раните години од Исусовиот живот. *(ЖС 14.6)*

Селското наследство на благородните луѓе

Такви биле и животните можности на најголемиот број најдобри и најблагородни луѓе во сите векови. Прочитајте ја историјата на Авраам, Јаков и Јосиф, Мојсеј, Давид и Илија. Проучувајте ги животите на луѓето од подоцнежните векови, кои најдобро ја исполниле својата доверлива и одговорна должност, луѓе што имале најголемо влијание за издигнувањето на светот. *(ЖС 15.1)*

Колкумина од нив биле одгледани во домови на село! Тие знаеле малку за луксузот. Не ја потрошиле својата младост на задоволства. Биле принудени да се борат со сиромаштија и тешкотии. Рано научиле да работат и активниот живот што го воделе на отворено, овозможил виталност и еластичност на сите нивни способности. Принудени да зависат од сопствените можности, тие научиле да се борат со проблемите и да ги заобиколуваат пречките и се здобиле со храброст и издржливост. Ја научиле поуката на зависност од себеси и самоконтрола. Во голема мерка заштитени од лошо друштво, тие се задоволувале со природните задоволства и искрените пријателства. Имале едноставен вкус и умерени навики. Биле раководени од принципите и израснале во чисти, силни и искрени луѓе. Кога биле повикани да ја исполнат својата животна задача, тие во неа внеле физичка и ментална сила, духовен полет, способност за планирање и извршување и постојаност во спротивставувањето на злото, што од нив направило позитивна сила во борбата за доброто во светот. *(ЖС 15.2)*

Подобро од богатство

Од сите богати наследства што можете да им ги дадете на вашите деца, подобар е дарот на здраво тело, бистар ум и благороден карактер. Само оние што разбираат во што се состои вистинскиот успех во животот, ќе станат мудри во младите години. Тие, при изборот на сопствениот дом ќе ги имаат на ум најдобрите работи во животот. *(ЖС 15.3)*

Наместо да живеете таму, каде што можат да се видат само дела на човечките раце, каде што глетките и звуците честопати сугерираат грешни мисли, каде хаосот и збрката го оневозможуваат разумот, одете таму каде што ќе можете да ги гледате Божјите дела. Најдете одмор во убавината, тишината и спокојството на природата. Дозволете им на вашите очи да се одмораат на зелените полиња, шуми и ридови.

Гледајте кон синото небо, непопречено од градскиот прав и смог и вдишувајте го закрепнувачкиот небесен воздух. Одете таму, каде што освен одвлекувањето на вниманието и разузданоста на градскиот живот ќе можете да се дружите со своите деца, каде ќе можете да ги научите за Бога преку Неговите дела и ќе ги обучите на правилен и полезен живот. (Здравје и среќа, 366-367) *(ЖС 16.1)*

Повеќекратни придобивки од активниот живот на слобода

Би било добро за тебе да се ослободиш од тие свои заморни грижи и да се повлечеш на село, каде што нема толку силни влијанија кои изопачувачки делуваат на моралот на младите. *(ЖС 16.2)*

Вистина, ти и при живот во природа нема да бидеш потполно слободна од заморните грижи, но ќе избегнеш многу зла и ќе ја затвориш вратата против поплавата на искушенијата кои се закануваат да ги обземат мислите на твоите деца. Ним им е потребно занимање и разновидност. Постојаната едноличност во затворена просторија ги прави немирни и загрижени, и затоа создаваат навика да се мешаат со порочната градска младина, добивајќи на таков начин улично воспитување... *(ЖС 16.3)*

Животот во природа за нив би бил вистински благослов; движењето и живата активност во слободна природа и на чист воздух поволно би влијаеле на нивното физичко и умно здравје. Во обработка на градината би можеле да најдат и разонода и корисно занимање. Одгледувањето на растенија и цвеќиња развива смисол за добар вкус и моќ за здраво расудување, додека запознавањето со корисните и прекрасните дела на создавање го облагородува и воздигнува умот, насочувајќи ги мислите на Оној Кој е Творец и Господар на сè што гледаме и не гледаме. (4. Сведоштво, 136) *(ЖС 16.4)*

Не очекувајте никакво чудо во сузбивање на резултатите од погрешниот курс

Гледам во овие цвеќиња, и секој пат кога ќе ги видам помислувам на Едем. Тие се израз на Божјата љубов кон нас. На тој начин Тој ни нуди во овој свет мало доживување на Едем. Тој сака да уживаме во прекрасните дела на Неговото создавање и во нив да видиме израз на она што Тој ќе стори за нас. *(ЖС 16.5)*

Тој сака да живееме таму каде ќе можеме да имаме простор да се движиме. Неговиот народ не треба да се собира во градовите. Тој сака да ги изведе своите семејства надвор од градовите, за да можат подобро да се подготват за вечен живот. Уште малку време тие ќе мора да ги напуштат градовите. *(ЖС 17.1)*

Овие градови се полни со секакви зла – штрајкови, убиства и самоубиства. Сатаната е во нив, контролирајќи ги луѓето во нивното дело на уништување. Под негово влијание тие убиваат заради убиство, а тоа ќе го прават сè повеќе и повеќе... *(ЖС 17.2)*

Ако се изложиме под лоши влијанија, зарем можеме да очекуваме Бог да направи чудо за да ги отстрани резултатите од нашиот погрешен курс? Не, навистина. Излезете од градовите што е можно поскоро, и купете мало парче земја, каде што можете да имате градина, каде што вашите деца можат да ги посматраат цвеќињата како растат и

од нив да учат лекции за едноставност и чистота. (General Conference Bulletin, March 30, 1903) *(ЖС 17.3)*

4. Занимања
во селските реони

Земја – за задоволување на нашите потреби

Ако земјата се обработува, таа, со Божји благослов, ќе ги задоволи нашите потреби. Не смееме да губиме храброст поради привремените работи, поради привиден неуспех, ниту смееме да стануваме малодушни поради одложување на нештата. Земјата треба да ја обработуваме радосно, полни со надеж и благодарност, верувајќи дека таа во своите гради има богати залихи за верниот работник, залихи подрагоцени од злато и сребро. Обвинувањето дека таа е скржава, претставува лажно сведочење. Со соодветно, разумно обработување, земјата ќе го дава своето богатство во корист на човекот. Планините и ридовите се менуваат. Земјата старее и дотрајува како облеката, но благословот на Оној, Кој на Својот народ Му поставил трпеза во пустината, никогаш нема да престане. *(ЖС 17.4)*

Ни претстојат сериозни времиња и многу е потребно семејствата да излезат од градовите, населувајќи се во внатрешноста, за да може вистината да биде пренесена и на патиштата како и на главните друмови на оваа земја. Многу зависи од тоа дали ние своите планови ги создаваме во склад со Господовата Реч и дали ги спроведуваме со истрајна енергија. Повеќе зависи од посветената дејност и истрајност, отколку од надареноста и учењето од книгите. Сите таленти и способности дадени на луѓето, имаат мала вредност ако не се употребуваат. *(ЖС 17.5)*

Враќањето кон поедноставни методи ќе биде ценето од децата и младината. Работата во бавча и на нива ќе претставува пријатна промена од заморните секојдневни теоретски поуки на кои никогаш не треба нивните младите умови да бидат ограничени. Тоа ќе биде од особена корист за нервозното дете кое чувствува дека учењето од книги го истоштува и кое тешко помни. Во проучувањето на природата, децата ќе најдат здравје и среќа; впечатоците кои ќе се стекнат тука нема да избледат од нивното сеќавање, зашто тие ќе бидат поврзани со предмети кои постојано се наоѓаат пред нивните очи. (6. Сведоштво, 178,179) *(ЖС 18.1)*

Со парче земја и удобен дом

Земјата треба да се обработува за да ја даде својата сила; но без Божјиот благослов таа не може да стори ништо. Во почетокот Бог погледнал на сето она што го создал, и рекол дека е многу добро. Проклетството дошло на Земјата како последица на гревот.

Но, дали ова проклетство ќе се умножи со зголемувањето на гревот? Незнаењето го прави своето злобно дело. Злобните слуги го зголемуваат злото со своите мрзливи навики. Многумина не се подготвени да го заработат својот леб со потта од челото, и затоа одбиваат да ја обработуваат почвата. Но, земјата има благослови скриени во своите длабочини за оние кои имаат храброст, волја и истрајност да ги соберат нејзините богатства. Татковците и мајките кои поседуваат парче земја и удобен дом се кралеви и кралици. *(ЖС 18.2)*

Многу земјоделци не успеале да добијат соодветни приноси од својата земја, затоа што тие ја прифатиле таа работа како да е понижувачка работа; тие не согледуваат дека во тоа постои благослов за нив и за нивните семејства. Сè што можат да забележат е знак на ропство. Нивните овоштарници се занемарени, посевите не се посеани во вистинско време, а во обработката на почвата е вложена само површна работа. (Fundamentals of Christian Education, 326,327) *(ЖС 18.3)*

Овошје, зеленчук и живина

Во оваа соседство постои голема површина на ненаселена земја. Некои наши луѓе кои живеат во отровната атмосфера на градовите, можат да обезбедат профит од неколку хектари од оваа земја. Тие можат да се здружат во одгледување на овошје, зеленчук и живина. Санаториумот со задоволство би купил од нив јајца и зеленчук. Посакувам некој таков потфат да заживее. Голем благослов ќе дојде врз родителите и децата доколку ги напуштат злите, загадени градови и заминат на село. (Letter 63, 1904) *(ЖС 18.4)*

Живот на село – благослов за сиромашните

Кога сиромашните, кои сега се собрани во градовите би можеле да најдат домови во селска средина, тие не само што би можеле да заработат за своите животни потреби, туку и да најдат здравје и среќа за кои сега воопшто и не знаат. Тешката работа, едноставната исхрана, строгото штедење, честата скудност и бројните потреби ќе бидат нивна судбина; но одлуката да го заменат градскиот живот со сите негови привлечности кон злото, неговите немири, криминал, беди и пакости, за тивката и чиста селска средина, би им донела голем благослов. *(ЖС 19.1)*

Многумина од оние што живеат во градовите, немаат ниту парче земја обрасната со зелена трева да застанат на него, кои од година во година гледаат само валкани дворови, тесни улици од кои повеќето се поплочени со камени коцки или калдрма, небо со облаци од прав и чад; доколку таквите би можеле да бидат преселени во некоја земјоделска област, опкружена со зелени полиња, шума, ритчиња и потоци, ведро небо и свеж, чист селски воздух, тоа за нив би изгледало речиси како живот на Небото. *(ЖС 19.2)*

Така, во голема мерка отсечени од контактот и зависноста од другите, одвоени од изопачените сфаќања и навики на овој свет и сето она што го вознемирува духот, тие би се приближиле поблиску до срцето на природата и пореално би го чувствувале Божјото присуство. Тогаш, многу луѓе би научиле како да се потпираат на Него. Тие би го разбрале Божјиот глас во природата, како им зборува на нивните срца за Неговиот мир

и љубов, а умот, душата и телото би одговориле на исцелителната, животворна сила. (Здравје и среќа, 190-192) *(ЖС 19.32)*

Работа за семејства од градовите

Верниците кои сега живеат во градовите, ќе треба да се преселат во села, за да ги спасат своите деца од пропаст. Треба да сепосвети внимание на основање на воспоставување на занаетчиства во кои овие семејства можат да најдат вработување. Оние кои се задолжени за работа во училиштето во_____ и _____ треба да видат што можат да направат овие институции за да се основаат такви занаетчиства, така што нашите луѓе кои сакаат да ги напуштат градовите можат да добијат пристојни домови без големи издатоци, како и да можат да најдат вработување. И во_____ постојат поволни и охрабрувачки изгледи за развој на овој план. Проучете ги овие изгледи. (ЖС 19.4)

Не е можно да се наведе сè што е потребно да се направи, додека не се направат почетните чекори. Молете се за ова прашање, и имајте на ум дека Бог стои зад кормилото и управува со работата на разните потфати. Место во кое правилно се води работата претставува очигледен пример за други места. Не смее да се појави никаква тесноградост и себичност во извршената работа. Работата треба да се постави на едноставна, разумна основа. Сите треба да научат да не тврдат дека веруваат во вистината, како вистина, туку со пример во секојдневниот живот да ја покажат вистината. (Letter 25, 1902) *(ЖС 19.5)*

Работата со здрава храна

Тука (Авондејл) треба да се основа бизнис за здрава храна. Таа треба да биде една од индустриите поврзани со училиштето. Бог ме поучи дека родителите можат да најдат работа во оваа индустрија и да ги испратат своите деца во училиштето. Но, сè што се направи, треба да се направи со најголема едноставност. Не треба да има претерување во ништо. Треба да се изврши темелна работа, затоа што ако работата не се изврши како што треба, резултатот ќе биде многу слаб. (Australian Union Conference Record July 28, 1899) *(ЖС 20.1)*

5. Подготовка

за кризата предизвикана со Неделниот закон

Пред нас се бурни времиња

Ние не треба да се населиме таму каде што ќе бидеме принудени да одржуваме блиски врски со оние кои не го почитуваат Бога... Кризата наскоро ќе дојде во врска со почитувањето на неделата... *(ЖС 20.2)*

Поддржувачите на неделата зајакнуваат во своите лажни тврдења, а тоа значи угнетување на оние кои одлучиле да ја празнуваат Господовата сабота. Ние треба да се населиме таму каде ќе можеме во целост да ја спроведеме заповедта за саботата. „Шест дена работи“, вели Господ, „и врши ги во нив сите свои работи; а седмиот ден е сабота Господова, ден на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа”. Ние треба да бидеме внимателни да не се населиме таму каде што ќе ни биде тешко и нам и на нашите деца да ја празнуваме саботата. *(ЖС 20.3)*

Ако според Божјо провидение можеме да обезбедиме станови подалеку од градовите; Господ би сакал да го сториме тоа... Пред нас се бурни времиња. (Manuscript 99, 1908) *(ЖС 20.4)*

Побрзајте да се подготвите

Кога моќта подарена на царевите ќе се соедини со добрината, тоа е затоа што оној кој е одговорен е под Божја управа. Кога моќта ќе се здружи со злото, тогаш таа е здружена со сатанските орудија, и ќе работи на уништување на оние кои се Божја сопственост. Протестантскиот свет поставил идол – ден на одмор, на местото каде што треба да биде Божјата сабота, и тој чекори по стапките на папството. Поради оваа причина гледам потреба Божјиот народ да се исели од градовите во повлечените селски места, каде може да обработува земја и да одгледува сопствени производи. На тој начин тие можат да ги воспитуваат своите деца со едноставни, здрави навики... Чувствувам потреба од брзање за да бидат подготвени сите работи за кризата. (Letter 90, 1897) *(ЖС 21.1)*

6. Населување

во институционалните центри

Не треба да создаваме колонии

Господ и денес сака Неговиот народ да се разотиде по целата земја. Тие не треба да формираат колонии, со тоа што ќе се населуваат на едно место. Исус рекол: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание“ (Марко 16:15). Кога учениците, поведувајќи се според своите склоности, почнале во голем број да остануваат во Ерусалим, било допуштено да бидат прогонувани, и така се распрснале по сите делови на дотогаш населениот свет. (ЖС 21.2)

На нашиот народ со години му доаѓаа опомени и молби да тргне во големото Господово поле за жетва и несебично да работи за душите. (8. Сведоштво, 215) *(ЖС 21.3)*

Раширете се по места до кои не допрело предупредувањето

Многу членови на нашите големи цркви не работат релативно ништо. Тие би можеле да извршат добра работа ако, наместо да се групираат на едно место, би се разотишле на места во кои сè уште не се чуло за вистината. Дрвјата кои премногу густо се насадени не можат да напредуваат. Затоа градинарот ги пресадува, за да можат да се развиваат во слободниот простор и да не останат слаби и неразвиени. Тоа правило добро би функционирало и во нашите големи цркви. Многу членови духовно умираат токму затоа што не се работи така. Тие стануваат слаби и неефикасни. Кога би биле расадени, би имале простор да се развиваат и да зајакнат. *(ЖС 21.4)*

Божја намера не е Неговиот народ да формира населби или мнозина да се населуваат во исто место. Христовите ученици се Негови претставници на земјата и Бог сака тие да се расеат по целата земја, по градовите и селата, како светилки среде темнината на овој свет. Тие треба да бидат мисионери за Бога и со својата вера и своите дела треба да сведочат за близината на доаѓањето на Спасителот. *(ЖС 22.1)*

Таму каде што постојат добри изгледи за заработка

Верниците во нашата црква (лаиците) можат да извршат едно дело кое одвај е започнато. Никој не треба да се сели во некое ново место само заради световна корист; но ако некаде се пружи прилика за пристоен живот, таму нека одат семејства кои се добро утврдени во верата, и тоа едно или две семејства во едно место, и таму нека работат како мисионери. Тие мораат да имаат љубов кон душите и да чувствуваат должност да работат за нив, размислувајќи за тоа како да ги доведат до вистината. Можат да делат наши публикации, да одржуваат состаноци во своите домови, да се

запознаваат со соседите и да ги повикуваат да дојдат на тие состаноци. Така нивната светлина ќе свети преку добрите дела. (8. Сведоштво, 244,245) *(ЖС 22.2)*

Нека не ве привлече шармот на институциите

Оние кои сакаат да се населат во близина на нашите издавачки куќи или нашиот санаториум и училиште во Такома Паркот, треба да бараат совет пред да се преселат. *(ЖС 22.3)*

Оние кои размислуваат за Mountain View како поволно место за живеење, затоа што тука ќе биде основан Пацифичкиот печат, би им кажала: „Погледнете кон другите делови од светот на кои им е потребна светлина која сте ја добиле во доверба. Имајте на ум дека Бог на секој човек му дал своја работа. Изберете некое место каде што ќе имате можност да дозволите вашата светлина да засвети среде моралната темнина". *(ЖС 22.4)*

Кога во некое место ќе се основа некоја институција, има многу семејства кои сакаат да се населат во нејзина близина. Така беше и во Батл Крик и во Оукленд, и во извесна мера во речиси секое место каде што имаме училиште или санаториум. (Fundamentals of Christian Education, 494,495) *(ЖС 22.5)*

Немојте да воспоставувате центри каков што бил Ерусалим

Нашиот народ... не треба да го смета како - Ерусалимски центар. Нека не мислат дека, затоа што голем број на нашите браќа и сестри се повикани овде да се поврзат со нашата издавачка дејност, дека ова е место на кое ќе се населат голем број на наши луѓе со своите семејства. И секој кој е поврзан со канцеларијата нека биде подготвен да замине, ако Бог го повика, на некое ново место. (Manuscript 148, 1905) *(ЖС 23.1)*

Немојте да се собирате на едно место, правејќи ја истата грешка која е направена во Батл Крик. Постојат стотици места на кои им е потребна светлината што ви ја дал Бог. (Fundamentals of Christian Education, 495) *(ЖС 23.2)*

Останете во помалите цркви – Започнете со нови училишта

Многу семејства, кои, со цел да ги едуцираат своите деца, се селат во места каде што се наоѓаат нашите големи училишта, многу подобро би му служеле на Учителот со тоа што ќе останат таму каде што се. Тие треба да ја поттикнат црквата во која тие членуваат, да основаат црковно училиште, во кое што децата во рамките на нивните можности можат да добијат сеопфатно, практично христијанско образование. Тоа би било многу подобро за нивните деца, за самите нив и за Божјото дело, ако останат во помалите цркви, каде што е потребна нивната помош, наместо да одат во поголемите

цркви, каде што, бидејќи тие се непотребни, постои постојано искушение да западнат во духовна неактивност. *(ЖС 23.3)*

Каде и да има неколку почитувачи на саботата, родителите треба да се обединат за да обезбедат место за целодневно училиште, во кое нивните деца и млади ќе учат. Тие треба да вработат еден христијански учител, кој како посветен мисионер ќе ги едуцира децата на таков начин што ќе ги наведат да станат мисионери. (Counsels to Teachers 173,174) (ЖС 23.4)

Како се чувствуваат ангелите

Да размислуваме за тоа како се чувствуваат ангелите кога гледаат дека крајот се приближува, а оние кои тврдат дека го познаваат Бога и Исуса Христа кого го испратил, како се збиваат заедно, колонизираат, присуствуваат на состаноци и се чувствуваат обесхрабрени и незадоволни ако нема многу проповедање кои би им користело на нивните души и да ја зајакнат црквата, додека тие не прават буквално ништо. (Letter 16e, 1892) *(ЖС 23.5)*

Зголемете се и проширите се – но не во центрите

Луѓето се охрабруваат да се концентрираат во Батл Крик и тие го даваат својот десеток и го вложуваат своето влијание во градење на модерен Ерусалим, што не е по наредба на Бога. Со ваква работа, другите места се отсечени од објектите кои би требало да ги имаат. Зголемете се, ширете се, но не на едно место. Излезете и воспоставувајте центри на влијание на оние места каде ништо не е направено. Растерајте ја зацврстената толпа; растурете ги зраците на светлината и истурете светлина во помрачните делови на Земјата. (Testimonies to Ministers and Gospel Workers, 254, 255) *(ЖС 24.1)*

7. Водени од
Божјите провиденија

Како Бог го отвора патот

Дојдено е време, кога, како што Бог го отвора патот, семејствата треба да се иселат од градовите. Децата треба да се одведат на село. Родителите треба да најдат соодветно место колку што им дозволуваат нивните средства. Иако живеалиштето може да биде мало, сепак покрај него треба да има земја за обработка. (Manuscript 50, 1903) *(ЖС 24.2)*

Бог ќе му помогне на својот народ

Родителите можат да обезбедат мали домови на село, со обработлива земја, каде што можат да имаат овоштарници и да одгледуваат зеленчук и мали плодови за да го заземат местото на месото, кое толку штетно влијае на крвта која тече низ вените. На таквите места децата нема да бидат опкружени со расипаното влијание на градскиот живот. Бог ќе му помогне на својот народ да најде такви домови надвор од градовите. (Medical Ministry, 310) *(ЖС 24.3)*

Помош во отворање на патот

Сè повеќе и повеќе, со текот на времето, нашиот народ ќе треба да ги напушта градовите. Со години сме поучувани дека нашите браќа и сестри, а особено семејствата со деца, треба да планираат да ги напуштат градовите како што ќе се отвори патот пред нив. Мнозина ќе мора сериозно да работат за да помогнат да се отвори патот. Но, сè додека не бидат во можност да заминат, сè додека остануваат, тие треба да бидат мошне активни во вршење на мисионерска работа, колку и да е ограничена нивната сфера на влијание. (Review and Herald, Sept. 27, 1906) *(ЖС 24.4)*

Совет и предупредување до оние кои предвремено ги напуштаат градовите

(Известување кое е напишано на 22. декември 1893. година како одговор на писмото од водечкиот работник во Батл Крик во кое ја информира сестра Вајт, како одговор на предупредувањето дека нашиот народ треба да се исели од Батл Крик. „Помеѓу стотина и две стотини“ се подготвени да се иселат „што е можно поскоро“. – Компилатори) *(ЖС 25.1)*

Твоето писмо, брате мој, ми кажува дека постојат мнозина кои се длабоко поттикнати да се иселат од Батл Крик. Постои потреба, голема потреба, да се изврши оваа работа, и тоа сега. Оние кои најпосле сфатиле дека треба да се иселат, нека тоа не

го прават набрзина, во возбуда, или на начин поради кој потоа длабоко ќе се каат поради тоа што толку бргу се отселиле... *(ЖС 25.2)*

Внимавајте да не направите брзи движења слушајќи го советот за преселување од Батл Крик. Не правете ништо без да барате Божја мудрост, кој ветил дека ќе им даде дарежливо на сите што бараат, и кој не укорува. Сè што некој може да направи е да советува и советува, а потоа да ги пушти оние кои се под должност дека под Божјо водство се селат и со своето цело срце се отворени да учат и да му бидат послушни на Бога. *(ЖС 25.3)*

Јас сум вознемирена кога ќе помислам дека можеби постојат некои наши учители на кои им е потребна поголема урамнотеженост со здраво расудување. Гласниците, кои ја носат пораката на милоста на нашиот свет, кои ја имаат довербата на луѓето, ќе бидат замолени за совет. Тие луѓе, кои немаат вистинско искуство во практичниот живот, треба да покажат голема претпазливост, и ќе бидат во опасност да дадат совети, без да знаат како тие совети може да ги натераат другите да постапуваат. *(ЖС 25.4)*

Дар за советување

Некои луѓе имаат увид во работите и способност да даваат совети. Тоа е Божји дар. Во моменти кога Божјото дело има потреба од зборови, јасни, важни, и сигурни, тие можат да кажат зборови кои ќе ги доведат збунетите умови кои се во мрак, да видат како молскавичниот блесок на сончевата светлина е патот кој треба да го следат, во работите кои ги исполнувале со збунетост и ги спречувале нивните умови со недели и месеци да проучуваат. Тоа претставува раздвојување и расчистување на патот пред нив, и Господ ја пуштил внатре својата сончева светлина, да видат дека на нивните молитви е одговорено, нивниот пат е јасен. Но, може да се даде некој избрзан совет – излезете од Батл Крик – и покрај тоа што воопшто не е даден јасен опис за тоа какво подобрување ќе постигнат во духовниот напредок за себе, но и за другите ако тоа го сторат. *(ЖС 25.5)*

Внимателно размислете за секој потег

Нека секој одвои време внимателно да размислува; и да не биде како човекот во параболата кој започнал да ѕида, и не бил во состојба да заврши. Не треба да се направи ниеден потег, а таквото движење и сè што е предвидено не е грижливо разгледано, сè измерено... На секој човек му е дадена негова работа според неговите соодветни способности. Тогаш, нека не се движи колебливо, туку цврсто, а сепак понизно верувајќи во Бога. *(ЖС 26.1)*

Може да има поединци кои ќе брзаат да направат нешто и да влезат во некој бизнис за кој не знаат ништо. Бог тоа не го бара. Мирно размислувајте во молитва, проучувајќи ја Божјата Реч со сета внимателност и молитва, со ум и срце будни да го слушнат Божјиот глас... Голема работа е да се разбере Божјата волја. (ЖС 26.2)

Потребни се добро дефинирани планови

Упатувам зборови до црквата во Батл Крик, да се сели онака како Бог што советува. Потребно е мнозина да се иселат од Батл Крик – но исто така е потребно да имате добро дефинирани планови, за тоа што ќе направите кога ќе се иселите од Батл Крик. Немојте да одите во брзање, без да не знаете на што сте... Потребни се водачи, мудри и внимателни, добро урамнотежени луѓе, кои ќе бидат безбедни советници, кои имаат увид во човековата природа, кои знаат како да раководат и советуваат во Божји страв. *(ЖС 26.3)*

Опасноста го следи новото искуство

Видов дека опасност ја следи секоја нова фаза на искуството во Црквата; затоа што некои луѓе слушаат работи со толку силен дух. Додека некои учители можат да бидат моќни и ефикасни во проучувањето во согласност со библиските учења, сите тие нема да бидат луѓе кои имаат знаење за практичниот живот за да можат самоуверено и сигурно да ги советуваат збунетите умови. Тие не ја разбираат конфузната ситуација која нужно мора да дојде кај секое семејство кое ќе направи промена. Затоа, сите треба да бидат промислени во изјавите ако не ја знаат Божјата намера во некои работи, никогаш да не зборуваат од гледна точка на мисли или претпоставки. Ако не знаат ништо одредено, нека го кажат тоа, и нека му дозволат на поединецот целосно да се потпре на Бога. Нека се моли многу, па дури и со пост, за да никој не се пресели во темнина, туку да се пресели во светлината, како што и Бог е во светлината... *(ЖС 26.4)*

Преселувајте се претпазливо

Не дозволувајте ништо да се направи во неред, бидејќи ќе има голема загуба и жртва на имотот поради страстните, импулсивни говори кои го поттикнуваат ентузијазмот кој не е според Божјата намера, за победата која треба да се извојува да не се претвори во пораз поради недостаток на урамнотежена умереност и правилно размислување, здрави принципи и цели. Затоа, во врска со ова прашање, водството нека биде мудро и сè да се направи под водство на мудриот, невидлив Советник, кој е Бог. Човечкиот елемент ќе се бори за надмоќ, можеби ќе биде направено и дело кое не носи Божјо одобрување. Се молам за секоја душа да не гледа премногу и со доверба на човечките советници, туку најсериозно нека гледа кон Бога, кон Оној кој е мудар во советот. Потчинете ги сите свои намери и својата волја на Божјите намери и Божјата волја. *(ЖС 27.1)*

Последици од брзите преселби

Доколку некои луѓе набрзина се селат или само исчезнуваат од Батл Крик, па потоа ќе бидат обесхрабрени, ова негативно ќе влијае, не само поради нивниот недостаток на свест за преселба, туку исто така и на другите кои ќе ги обвинат дека вршеле притисок на нив. Сите нивни непријатности и порази ќе им се припишат на оние кои не треба да се обвинуваат... *(ЖС 27.2)*

Сега, токму сега, е време кога опасностите од последните денови се згуснуваат околу нас, и нам ни се потребни мудри луѓе за советници, а не луѓе кои ќе сметаат дека нивна должност е да создадат возбуда и неред, но кои можеби не се во состојба да дадат мудар совет и да организираат и средат возбудата да внесе ред од хаосот, одмор и мир во потчинување на словото Господово. Нека секој човек се најде на своето вистинско место, да направи нешто за Учителот, во склад со своите способности... *(ЖС 27.3)*

Како тоа треба да се направи? „Земете го Мојот јарем на себе“, вели Исус Христос, кој те откупил со својата скапоцена крв, чии слуги и сопственост сте, „и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно”. Ако секој кој е подготвен да учи, дојде кај Исус со понизно срце да се поучи, тогаш во таквата духовна состојба тој може да биде поучуван, и да учи од Исуса и да ги послуша Неговите наредби... *(ЖС 27.4)*

Изнесете го секој план пред Бога

Сега не смееме да имаме слаба вера; не можеме да бидеме безбедни ако сме рамнодушни, несовесни и мрзливи. И најмалата способност треба да се употреби, но јасното, трезвено, длабоко размислување мора да биде поттикнато. Мудроста на некое човечко орудие во денешно време не е доволна за планирање и за негова реализација. Изнесете го секој план пред Бога со пост и понизност на душата пред Господа Исуса и предадете ги своите патишта на Господа. Постои сигурно ветување дека Тој ќе ги насочи нашите патишта. Неговите средства се бесконечни. Светецот Израелов, кој ги нарекува небесните војски по име, и ги држи небесните ѕвезди во нивната положба, и вас ве чува подеднакво под своја заштита и грижа... *(ЖС 28.1)*

Посакувам секој да разбере какви изгледи и можности постојат за сите кои Христа ќе го направат за своја доверба и доволност. Животот сокриен со Христа во Бога секогаш име засолниште и таквиот може да каже: „Сѐ можам преку Христа, Кој ми дава сила”. *(ЖС 28.2)*

Јас ви го препуштам овој проблем на вас, зашто бев загрижена и вознемирена поради опасностите кои навалуваат на сите во Батл Крик, ако невнимателно се селат и му даваат предност на непријателот. Ова не мора да биде така, бидејќи ако понизно одиме со Бога, ќе одиме безбедно. (Letter 5, 1893) *(ЖС 28.3)*

8. Нашите центри
треба да бидат далеку од населените области

Погодни локации за институции

И понатаму се даваат упатства: Излезете надвор од градовите. Основајте свои санаториуми, училишта и канцеларии подалеку од населените места. Сега мнозина се залагаат да останат во градовите, но ќе дојде време, кога сите, кои сакаат да ги избегнат глетките и звуците на злото, ќе се преселат во селските реони; бидејќи гревот и расипаноста ќе се зголемат до таков степен, така што самата атмосфера во градовите ќе изгледа загадена. (Letter 26, 1907) *(ЖС 28.4)*

Да се избегнуваат искушенијата и расипаностите

Некои се прашуваа зошто нашата канцеларија за публикации треба да се премести од Оукленд во Mountain View. Бог го повикува својот народ да ги напушти градовите. Младите кои се поврзани со нашите институции не треба да бидат изложени на искушенијата и расипаностите кои постојат во големите градови. Mountain View се чини како најповолна место за нашата печатница. (Manuscript 148, 1905) *(ЖС 29.1)*

Пред нас се бурни времиња

Оваа несреќа (горење на зградата Review и Herald) може да направи одлучна промена во работите. Се надевам дека нашите браќа ќе ја послушаат поуката на која Бог се обидува да ги поучи, и дека нема да ја обноват издавачката куќа во Батл Крик. Бог сака да ни каже дека не треба да се лоцираме во градовите, бидејќи пред нас се мошне бурни времиња. (Letter 2, 1903) *(ЖС 29.2)*

Каде младите можат најуспешно да се поучуваат

Бог испраќаше предупредување по предупредување дека нашите училишта, издавачките куќи и санаториумите треба да се основаат надвор од градовите, на места каде младите најуспешно ќе можат да се поучат што е вистина. Никој нека не се обидува да ги користи сведоштвата за да го оправда основањето на големите бизнис интереси во градовите. Немојте да го намалите влијанието на светлината која е дадена во врска со ова прашање. *(ЖС 29.3)*

Луѓето ќе станат да зборуваат изопачени работи за да го осуетат извршувањето на добрите работи во кои Господ ги води своите слуги. Време е мажите и жените да размислуваат од причините до последиците. Премногу е доцна, предоцна, за основање на големи бизнис фирми во градовите – премногу е доцна да се повикуваат младите мажи и жени од селата во градовите. Во градовите се развиваат такви околности кои ќе им отежнат на оние од нашата вера да останат во нив. Затоа, би било голема грешка да се инвестираат пари во основање на големи бизнис интереси во градовите. (Manuscript 76, 1905) *(ЖС 29.4)*

Да се работи во градовите однадвор

Доколку е можно, нашите институции треба да се наоѓаат надвор од градовите. За овие институции треба да имаме работници, а ако тие се наоѓаат во градот, тоа значи дека семејствата на нашиот народ треба да се населат во нивна близина. Но, Божја волја не е Божјиот народ да се насели во градовите, каде што има постојани превирања и конфузија. Нивните деца треба да бидат поштедени од ова; бидејќи целото тело се расипува од брзањето и бучавата. Господ сака Неговиот народ да се пресели на места, каде може да се населат на земја и да одгледува сопствено овошје и зеленчук, и каде што нивните деца можат да бидат доведени ви директен контакт со Божјите дела во природата. Изведете ги вашите семејства подалеку од градовите, тоа е мојата порака. *(ЖС 29.5)*

Вистината треба да биде објавена без оглед дали луѓето ќе сакаат да ја слушнат или ќе ја избегнуваат. Градовите се полни со искушенија.= Ние треба да ја планираме нашата работа така што колку е тоа можно да ги оддалечиме нашите млади луѓе од расипаноста. *(ЖС 30.1)*

Во градовите треба да се работи од надворешни места. Божјиот гласник рече: „Зарем нема да бидат предупредени градовите? Да, но не од страна на Божјиот народ кој живее во нив, туку со тоа што ќе ги посетуваат, за да ги предупредат за она што доаѓа на земјата". (Letter 182, 1902) *(ЖС 30.2)*

Лесен пристап до градовите

Треба да се одредат луѓе со здраво расудување, но не да ги објавуваат своите намери од страна, туку да бараат такви имоти во селски реони, со лесен пристап до градовите, погодни за мали училишта за обучување на работниците, каде би постоела можност за лекување на болните и уморните души кои не ја познаваат вистината. Барајте такви места оддалечени од големите градови, во кои можат да се обезбедат соодветни објекти, било како подарок од сопствениците или преку купување по разумна цена од подароците на нашиот народ. Не подигнувајте зграда во бучните градови. (Medical Ministry, 308, 309) *(ЖС 30.3)*

Поуки од Енох и Лот

Ние, како Божји народ кој ги држи заповедите, мораме да ги на- пуштиме градовите. Како и Енох, и ние мораме да работиме во градовите, но не да живееме во нив. (Евангелизам, 78,79) *(ЖС 30.4)*

Кога некој народ ќе изобилува со беззаконие, секогаш треба да се чуе еден глас кој предупредува и советува, како што гласот на Лот се слушал во Содом. Сепак, Лот можел да го сочува своето семејство од многу зла, ако не направел свој дом во овој злобен, расипан град. Сè што Лот и неговото семејство направиле во Содом, можело да биде направено од нив дури и ако живееле на некое место оддалечено од градот. Енох одел со Бога, но сепак не живеел среде некој град, осквернет со секаков вид на насилство и злоба, како Лот во Содом. (Евангелизам, 79) *(ЖС 30.5)*

Цркви, но не и институции во градовите

Бог многукратно ни дал упатства дека треба да работиме во градовите од центрите кои се наоѓаат надвор од нив. Во овие градови треба да имаме молитвени домови, како споменици за Бога, но институциите за издавање на нашата литература, за лекување на болните и за обука на работниците треба да се основаат надвор од градовите. Особено е важно нашата младина да биде заштитена од искушенијата на градскиот живот. *(ЖС 31.1)*

Во согласност со ова упатство, домовите за состаноци биле купени и посветени во Вашингтон и во Нешвил, додека издавачките куќи и санаториумите во овие центри биле основани далеку од пренаселените центри во градовите, како вон градски центри. Овие планови се почитувани и при преселувањето на другите издавачки куќи и санаториуми надвор од градските области, а сега до тоа се држат во Велика Британија во поглед на издавачката куќа во Лондон како и во тамошните училишта за обука. Сега ни се нуди можност да напредуваме во Божјите провиденија кои ни се даваат, помагајќи им на нашите браќа во овие и во многу други важни центри да го постават делото на цврста основа, како тоа би можело темелно да се спроведе. (Special Testimonies Series B, No. 8, 7,8) *(ЖС 31.2)*

Ние треба да бидеме мудри како змии, а безопасни како гулаби во нашите напори да обезбедиме имоти по ниска цена во природа, а од овие места треба да работиме во градовите. (Special Testimonies, Series B, No. 14, 7) *(ЖС 31.3)*

Порака дадена од Бога

„Излезете од градовите; излезете од градовите“, ова е пораката што Бог ми ја даде. Ќе дојдат земјотреси; ќе дојдат поплави; и ние не треба да се утврдиме во порочните градови, каде што на секој начин му се служи на непријателот, и таму каде што Бог толку често се заборава. Господ сака да имаме јасен духовен вид. Треба да бидеме брзи во распознавањето на опасностите кои ќе бидат присутни при основањето на институциите во овие злобни градови. Треба да направиме мудри планови како да ги предупредиме градовите, но во исто време да живееме таму каде што можеме да ги заштитиме нашите деца и себеси од загадувачките и разочарувачките влијанија кои преовладуваат во овие места. (Life Sketches, 409, 410) *(ЖС 31.4)*

9. Итно бегање

во завршниот судир

Знак за бегство

Сега не е време Божјиот народ да ги сосредоточи своите чувства или да собира богатство на земјата. Не е далеку времето, кога, како првите ученици, ќе бидеме принудени да бараме засолниште во пусти и осамени места. Како што опсадата на Ерусалим од страна на римската војска им била знак за бегство на јудејските христијани, така и заканата со сила од страна на нашата нација во декретот со кој присилно се наметнува задолжително празнување на папскиот ден за одмор ќе биде предупредување за нас. Тогаш ќе биде време да ги напуштиме големите градови, подготвени да ги напуштиме и помалите, подготвувајќи се за осамените престојувалишта во осамените места меѓу планините. А сега, наместо овде да бараме скапи станови, треба да се подготвуваме за заминување во една подобра земја – небесната. Наместо да ги трошиме нашите средства за задоволување на личните желби, треба да се учиме да штедиме. (5. Сведоштво, 464) *(ЖС 32.1)*

Автор:
Елена Вајт
Наслов:
ЖИВОТ НА СЕЛО

Наслов на оригиналот:
Country Living
Превод:
Часлав Дичевски
Издава:
Реформно движење на АСД
Контакт
www.rdasd.mk
asdrdmk@gmail.com
Печати:
Принт тим доо
CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје
279.13(083.11)
ВАЈТ, Елена

Живот на село / Елена Вајт ; [превод Часлав Дичевски].
- Скопје :
Реформно движење на АСД, 2020. - 48 стр. ; 21 см
Превод на делото: Country living / by Ellen G. White
ISBN 978-9989-2258-7-1
а) Адвентизам - Совети
COBISS.MK-ID 112469770__